

**ИНТЕРВЈУ СО СТЕВАНЧЕ ЈОРДАНОСКИ,** ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ

# Климатските предизвици, пласманот и младите – приоритет на НФФ

**Стеванче Јорданоски е активен земјоделец и долгогодишен член на Националната федерација на фармери. Живее во прилепското село, Машучиште, каде што со своето семејство се занимава со мешано земјоделско производство – тутун, житни и фуражни култури, сончоглед, како и сточарство. Избран за претседател на НФФ во април 2025 година, Јорданоски ја презеде функцијата во своето прво обраќање пред делегатите на Изборното собрание и Управниот одбор нагласи дека ќе се залага гласот на земјоделците да биде слушнат, а земјоделството конечно да се препознае како професија и важна економска гранка. Во неговиот мандат, НФФ продолжува да делува како организација што лобира и ги застапува интересите на земјоделците пред институциите, бизнис заедницата и организациите.**

Разговараше: Моја Земја



**Од неодамна сте претседател на Националната федерација на фармери. Сепак, ве затекнавме на нива, во чизми и со капа?**

Па, тоа сум јас. Претседател на НФФ, да, но пред сè – земјоделец. Роден сум во земјоделско семејство, и денес моето семејство целосно живее од ова – сопругата, децата, родителите – сите сме вклучени. Одгледуваме пченица на 50 хектари, сончоглед, луцерка за добитокот, а имаме и фарма со околу триесетина молзни крави. Тутунот, секако, е нешто без кое не поминува ниеден прилепчанец.

**Годинава засадувањето на тутунот го почнавте малку подоцна од вообичаено. Што ја одбележа пролетта во земјоделството?**

Да, расадот на тутунот го садиме нешто покасно поради врнежите, но морам да кажам дека тие врнежи беа вистински благослов. Не само што обезбедија добри услови за вкоренување на тутунот, туку беа одлични и за пченицата, сончогледот и останатите култури. Ваква пролет ретко се погодува – иако не баш идеална, далеку подобра од сувите и непредвидливи сезони кои се почесто нè погодуваат.

**Се чини дека климатските услови стануваат сè поголем предизвик?**

Земјоделството е изложено на сè понепредвидливи климатски услови – една година суша, следната – поплави. Годинава сведочевме на огромни штети – пролетните мразеви уништија овошје како праски, кајсии, јаболка. Водоснабдувањето станува критично, а пожарите предизвикуваат дополнителни штети. Потребна е адаптација на земјоделството – нови технологии, сорти и садници погодни за новите климатски услови, заштита на почвата, примена на еколошки практики. Како Федерација, во декември 2024 година организиравме Национален форум за климатски промени, на кој заедно со земјоделци, експерти и институции изработивме конкретни препораки – една од клучните е формирање посебен оддел за климатски промени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и воведување задолжителна едукација за земјоделците. Побаравме климатските политики и заштитата на животната средина да станат суштински дел од развојните стратегии. Би сакал тука да истакнам дека по нашето неколкогодишно лобирање од оваа година анти фрост системите и заштитните фолии исто така станаа дел од Програмата за финансиска подддршка за руралниот развој што е добро бидејќи се едни од технологиите за справување со мразевите и високите температури особено во овоштарството и градинарството.

**Каква е состојбата со производството и откупот на пченицата оваа година, и кои се главните предизвици со кои се соочуваат земјоделците?**

Оваа година приносите од пченицата се задоволителни, и пченицата е со добар квалитет. Пченицата е стратешка култура и затоа е важно да се обезбеди фер цена и транспарентен процес. Оваа година, преку посредство на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, постигнат е договор со откупувачите – цената за прва и втора класа пченица е 12 денари по килограм, со дополнителни трошоци за транспорт и ДДВ кои ќе ги покријат мелничарите. Го цениме напорот на Министерството за изнаоѓање решение за откупната цена со пченица. Сметаме дека ова е излезно решение. Потребно е да продолжиме со системски мерки – зголемување на приносите, намалување на трошоците, договорно производство, интервенции при кризи и создавање задруги и организации на производители. Исто така, апелираме до институциите, особено Земјоделскиот инспекторат, да обезбедат строг надзор и фер услови за сите земјоделци при откупот.





**Македонските земјоделски производи се откупуваат по ниски цени, а увозот на храна расте и храната поскапува. Кои мерки се потребни да се преземат?**

Главните причини се неорганизираниот откуп, слабите пазарни врски, ниски откупни цени, но и генерално недоволниот интерес кај младите и населението да се занимава со земјоделство, а климатските промени само дополнително го отежнуваат овој сектор. Како Национална федерација на фармери, постојано апелираме земјоделството да се третира како економска гранка и професија, а не социјална категорија. Потребни се инвестиции во нови технологии, формирање на задруги и организации на производители, заеднички соработки и едукации информации. Само така можеме да изградиме стабилен синџир на снабдување и да обезбедиме достапна и квалитетна македонска храна на пазарот. Особено треба да се насочиме кон сточарството каде што најтешко може да се најде млад човек кој сака да се занимава со ова, а таму ни се и бројките најслаби, односно имаме постојано пад на производните капацитети.





**Младите – клучен сегмент за иднината на земјоделството. Како ги гледате нивните перспективи?**

Искрено, не само кај нас, туку и во регионот, земјоделството станува сè помалку атрактивно за младите. Сите сакаат компјутери и канцеларии, а не ниви и чизми. Но, без производство на храна – нема живот. Затоа мораме уште од основно образование да развиваме свест дека храната доаѓа од нива, не од асвалт. Како позитивен пример ја гледам Словенија – таму младите добиваат силна финансиска поддршка во првите години и вложуваат во модерна механизација. Тоа мора да го адаптираме и примениме и кај нас.





**Како претседател на Националната федерација на фармери, како ја гледате вашата улога во организацијата во креирањето на една посилна и одржлива земјоделска заедница во Македонија?**

Отсекогаш сум верувал во земјоделското здружување, затоа и 25 години сум дел од земјоделските организации и сум член на Федерацијата. Како претседател на НФФ, мојата улога и дејствување е насочено да овозможи соработка со сите засегнати страни и заедно со Управниот одбор и Извршната канцеларија на организацијата ќе продолжиме да соработуваме со земјоделците, нашите членови, да се слушаат проблемите и предизвиците и да лобираме за решенија кои ќе бидат дел од конкретни политики, закони и програми. Ќе работиме на поголемо вклучување на младите, на здружување преку кооперативи и групи на производители, што е докажан модел во Европа. Ова ќе им овозможи на малите фармери подобар пласман, заедничка механизација, зголемена профитабилност и подготвеност за настап на поголеми пазари, вклучително и европските синџири на маркети. Ќе бидеме гласот на земјоделците – и во калта и на нива, и во институциите со јасен став за ниven развој. Ќе се продолжи со едукации, информации и студиски посети. Поддршката за руралните жени, младите и ранливите категории останува еден од нашите приоритети. Токму во реализација на нашата мисија и визија ние имаме поддршка од меѓународната заедница и изразувам благодарност за соработката на Шведска и шведската организација за развој We Effect која помогна во развојот на Федерацијата. Верувам дека само заедно можеме да изградиме одржливо земјоделство и подобра иднина за сите во руралните средини.